# Редовен програмски надзор врз ТВ Арт Чаннел, ТВ Компани 21-М, ТВ Нова и ТВ Шења

**Скопје, 13.04.2018 –** Агенцијата спроведе редовен програмски надзор врз ТВ Арт Чаннел, ТВ Компани 21-М, Нова ТВ и ТВ Шења за обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да наштетат на нивниот физички, психички или морален развој, за правилата за емитување комерцијални комуникации , за обврските при обезбедување квизови или други облици на наградното учествување, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласење и за емитување игри на среќа.

Со надзорот е констатирано дека на 13 март, на програмата на ТВ Компани 21-М, промотивните најави за сериите „Kalbimdeki" и „Kara Sevda" се емитувани без предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, додека серијалот „Avenida Brazil" е емитуван во несоодветен временски период од денонокието.

На програмата на ТВ Арт Чаннел на 14 март, серијата „72 Hours true crime" е емитувана во несоодветен термин без предупредувачка сигнализација. Со сигнализација за заштита на малолетни лица не беа обележани ни промотивните најави за сериите „Friends" и „The story of Tracy Beaker".

**Извештаите може да се преземат на следните линкови:**

ТВ Арт Чаннел – (член 50 став 3, членови 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101, член 52, член 93 и член 94 од ЗААВМУ) – 13.04.2018
ТВ Компани 21-М – (член 50 став 3, членови 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101, член 52, член 93 и член 94 од ЗААВМУ) – 13.04.2018
ТВ Нова – (член 50 став 3, членови 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101, член 52, член 93 и член 94 од ЗААВМУ) – 13.04.2018
ТВ Шења – (член 50 став 3, членови 53, 54, 55, 98, 99, 100 и

101, член 52, член 93 и член 94 од ЗААВМУ) – 13.04.2018